Australian Macedonian
# TODAY
33 YEARS
Австралиско Македонски ДЕНЕС
YEAR XXXIV No 1963 31 MAY 2024 FREE

FREE DIGITAL EDITION
SCAN the QR CODE
SIGN UP NOW!
РЕГИСТРИРАЈТЕ СЕ ЗА ДА ГО ДОБИВАТЕ БЕСПЛАТНО
ДИГИТАЛНОТО ИЗДАНИЕ НА www.australianmacedonian.com.au/subscribe

# АПАСИЕВ: „ОЧЕКУВАМ КОСОВАРИЗАЦИЈА НА ДРЖАВАТА“



**ПРАТЕНИЧКАТА ГРУПА НА ЛЕВИЦА ЈА НАПУШТИ СОБРАНИСКАТА САЛА ВЕДНАШ ПОСЛЕ ГЛАСАЊЕТО ПРОТИВ ЗА НОВИОТ СПИКЕР. АПЛАУЗОТ ЗА ВАКВИОТ ИЗБОР ЗА ГАШИ И НЕГОВАТА ПЛАТФОРМА ЗА “ЗАЕДНИЦА НА АЛБАНСКИТЕ ОПШТИНИ” ГО ОСТАВИВМЕ НА “ПАТРИОТИТЕ” ОД ДПМНЕ.**

# СИЉАНОВСКА-ДАВКОВА: ЌЕ ГО ПОЧИТУВАМ ПРЕСПАНСКИОТ ДОГОВОР, НЕ СУМ РЕКЛА ДЕКА ЌЕ ГО РАСКИНАМ



## ЕНТОНИ АЛБАНЕЗЕ БАРА ОД ОПОЗИЦИЈАТА ДЕТАЛИ ЗА ЕНЕРГЕТСКАТА ПОЛИТИКА:

# КАДЕ БИ СЕ ГРАДЕЛЕ НУКЛЕАРНИТЕ ЦЕНТРАЛИ ВО АВСТРАЛИЈА?



# Лани Македонците за онлајн купување потрошиле А$935 милиони, најмногу е-трансакции кон Холандија



Македонците минатата 2023 година со своите платежни картички во странство потрошиле А$935 милиони од кои 34% или А$319 милиони потрошиле онлајн, купувајќи производи и услуги посебно поврзани со патувања и трансакции за авио-билети и резервации на хотели онлајн.

Ова го покажуваат податоците од Народната банка што ги анализираше Асоцијацијата за е-трговија на Македонија (АЕТМ).

Во однос на 2022 година Македонците за купување производи и услуги со платежни картички кон странски е-трговци во 2023 година потрошиле 25,3% повеќе.

Бројот на е-трансакциите кон странските земји изнесува А$7.5 милиони, а просечната трансакција А$70.

Вкупно 72% од вредноста и 80% од бројот на направените трансакции се во Холандија, Обединето Кралство, Унгарија, Ирска, САД, Луксембург, Грција и Германија.

Истото е очекувано ако се има предвид дека од овие земји потекнуваат Booking.com (Холандија), Amazon UK, ASOS (Велика Британија) и WizzAir (Унгарија), додека највисокиот остварен број на трансакции од Македонци во Луксембург се должи на тоа што во Луксембург се регистрирани европските филијали на Amazon и AliExpress преку кои се одвиваат трансакциите за најголемиот дел од европските земји, без Велика Британија.

Најголем пораст во 2023 година од земјите кои сочинуваат 72% од вкупната вредност остварена со македонски картички кон странски е-трговци е кон Грција (81.6%).

AUSTRALIAN MACEDONIAN TODAY
Published by:
AEA ETHNIC PUBLISHERS P/L
Postal: PO Box 544
Thomastown,
Victoria 3074 Australia

Phone: 0403 152 671
Email: denes@westnet.com.au



Изгледаше дека ова „чаирска романтика“ ќе го истера и летото, зашто нема јунак што ќе ја затвори

# „Дизниленд“ од Чаир гостува во Карпош

Пред салата „Борис Трајковски“ во Скопје се крена див забавен парк кој не само што цел месец не се отстрануваше туку дури и „растеше“ со нови реквизити.

Фирмата „Дизниленд реквизити“ од Чаир објави дека нема намера да ги отстрани реквизитите зашто се поставени на приватен имот и не им треба никаква дозвола. Бадијала МВР, Пазарна инспекција и УЈП минатата недела најдоа низа неправилности во работењето. По направената инспекција на трите државни органи на сопственикот му беше изречена забрана за работа и наредба да ги тргне реквизитите. Тоа не само што не беше направено туку забавниот парк продолжи со работа па мораше полициски возила да ги блокираат влезовите за да се стопира тоа.

И од тој момент понатаму со денови не трепнуваше ниту газдата на „Дизниленд“ ниту пак државните институции.

Забавниот парк беше поставен на празниот простор пред салата „Борис Трајковски“ уште на почетокот на мај. Со години во мај на овој простор се поставуваат адреналински реквизити, а никој не ги контролира. Како што минуваа деновите се поставуваа нови реквизити, а доаѓаа од соседните држави.

Конечно во средата почна демонтажата на оваа дива населба, и тоа со само еден потег - сопственикот на земјиштето го раскинал договорот. Јавноста се прашува дали навистина оваа дејност не е „покриена“ со строги законски услови (пред се за безбедност) кога може да се постави цел „Дизниленд“ со еден обичен договор за наем на земјиште?!

## Аеродром и Сарај ќе бираат нови градоначалници, досегашните отидоа во пратеници

Општините Аеродром и Сарај ќе мора да распишат нови избори за градоначалници зашто Тимчо Муцунски и Блерим Беџети станаа пратеници во Собранието. По Устав пратеничката функција е неспоива со било која друга функција.

Техничкиот премиер Талљат Џафери објави дека иако и тој стана пратеник сепак ќе ја извршува функцијата прв човек на Владата до избор на следната (веќе сме имале вакви преседани).

Биљал Касами, лидерот на БЕСА, исто така доби пратенички мандат но на денот на конституирање на Собранието се откажа од него за да остане градоначалник на Тетово со образложение дека имал започнати а незавршени проекти.






# Кејт Бланшет на црвениот тепих во Кан во боите на палестинското знаме



Австралиската актерка Кејт Бланшет се појави на црвениот тепих на Канскиот филмски фестивал, присуствувајќи на премиерата на „The Apprentice“.

Вниманието на присутните го привлече нејзиниот фустан во боите на знамето на палестинската држава, со кој сакаше да изрази солидарност со страдањата на палестинскиот народ. Фустанот во тробојка имаше црн преден дел, бел грб, а внатре сиркаше зелено. Кога Бланшет зачекори пред објективите на фотографите, таа го крена задниот дел од фустанот за да ја покаже својата порака.

# Домар во бугарско училиште во Враца снимал ученици и ги повикувал да скандираат „Да живее Македонија“



*Уште еден шутрак успеа да добие слава. Овој се вклучувал на социјалните мрежи „во живо“ од работното место или од дома кога му било здодевно. Комуницирал често со лица од Македонија па во едно видео, претставувајќи ја мајка си која седи до него во кујната, вели: „Еве еден примерок на турко-монголка“*

Медиуми во Бугарија објавија дека во Враца (110 км северно од Софија) е приведен домар на училиште „со очигледен северномакедонски (!?sic) идентитет“. Се работи за домар со презиме Петков од СОУ „Никола Војводов“ кој наводно редовно користел антибугарски апели и коментари во училиштето.

На видео кое кружи на социјалните мрежи се гледа како мажот снима ученици и ги повикува да скандираат: „Да живее Македонија“. Кога едно од децата ќе одговори: „Да живее Бугарија“, чуварот му одговара: „Ќе те тепам!“. И сето тоа е со смеење и очигледен мајтап (желба да предизвика внимание на социјалната мрежа).

Снимката одела во живо на „ТикТок“, снимајќи ги учениците како и училишниот персонал. Ги нарекувал децата „одродени“ а користел и квалификации како „турко-монголи“ (конкретно за мајка си која е наставник во друго училиште) и „бугарофашисти“.

„Денес јадосав најмалку 10 бугарофашистички деца“, се пофалува во еден миг.

Во средното училиште работел околу година ипол и досега не пројавувал политички инклинации. Еднаш бил прекорен зашто си пуштил гласна музика во портирницата.

Директорката на средното училиште, Снежанка Каменова, вели дека била шокирана од скандалот, а домарот не смеел да ги снима учениците ниту да пропагира политика. Поради сериозноста на инцидентот вработениот најверојатно ќе добие отказ.

# Нов Зеланд и Австралија ветија помош за Папуа Нова Гвинеја

Австралија и Нов Зеланд ветија помош за Папуа Нова Гвинеја по смртоносното лизгање на земјиштето.




Неколку села во провинцијата Енга во Папуа Нова Гвинеја беа погодени од лизгање на земјиштето откако дел од планина се урна во раните утрински часови во петокот.

Канцеларијата за управување со вонредни состојби на Папуа Нова Гвинеја соопшти дека можеби повеќе од две илјади луѓе се живи закопани.

Австралискиот вицепремиер, Ричард Марлс, рече дека Австралија ќе обезбеди првичен пакет од 2.5 милиони австралиски доларидодека заменик-премиерот на Нов Зеланд, Винстон Питерс, изјави дека неговата влада ќе обезбеди околу 1.5 милиони новозеландски долари за да и помогне на Папуа Нова Гвинеја да се справи со последиците од лизгањето на земјиштето.

Во Папуа Нова Гвинеја започна евакуацијата на околу 7. 900 луѓе поради страв од ново лизгање на земјиштето, соопштија властите.

# Патник трчаше гол во авион и турна член на екипажот




Австралиската полиција соопшти дека уапсила маж кој го попречил домашниот лет со тоа што трчал гол во авионот и турнал член на екипажот. Летот VA696 од Перт до Мелбурн минатиов вторник бил принуден да сврти набргу по полетувањето.

„По пристигнувањето во Перт, леталото го пречека австралиската федерална полиција и го симна патникот што предизвикуваше проблеми“, се вели во соопштението на авиокомпанијата „Вирџин Австралија“.

Мажот првично бил хоспитализиран за евалуација, соопшти полицијата. Австралиската телевизија Еј-Би-Си соопшти дека има сознанија оти никој не е повреден во инцидентот во авионот.

Човекот се очекува да се појави на суд на 14 јуни, иако обвиненијата со кои ќе се соочи сè уште не се финализирани. Истрагата сè уште е во тек.



# Научник го спречил смртоносниот рак со иновативен метод на лекување

Австралиски лекар на кого минатата година му бил дијагностициран смртоносен тумор на мозокот, сè уште нема знаци на враќање на болеста по експерименталниот третман на лекување, кој самиот му помогнал да се развие.

**Ричард Сколиер**, професор на Универзитетот во *Сиднеј*, пред една недела објави дека неговиот глиобластом, кој бил во четврта фаза, се повлекол и дека не се појавил повторно.



*„Минатиот четврток направив скен на мозокот со магнетна резонанца барајќи рекурентен глиобластом (и/или компликација на третманот). Сега дознав дека сè уште нема знаци на повторување. Не можев да бидам посреќен!!!!"* објави **Сколиер**.

Овој успех беше постигнат преку експерименталната терапија на **Сколиер**, која се базираше на неговото сопствено истражување за меланом.

Глиобластомот е еден од најагресивните форми на рак на мозокот, познат по својата брза прогресија и лоша прогноза. Обично ги погодува возрасните и се карактеризира со брз раст и инвазивност. Третманот обично вклучува хируршко отстранување на туморот, зрачење и хемотерапија, но повеќето пациенти не преживуваат повеќе од една година по дијагнозата.

### ЕНТОНИ АЛБАНЕЗЕ БАРА ОД ОПОЗИЦИЈАТА ДЕТАЛИ ЗА ЕНЕРГЕТСКАТА ПОЛИТИКА:

# КАДЕ БИ СЕ ГРАДЕЛЕ НУКЛЕАРНИТЕ ЦЕНТРАЛИ?

Прајминистерот ја критикуваше опозицијата дека не открива каде ќе се наоѓаат нуклеарните електрани по опсежните анкети спроведени во потенцијалните изборни единици. Лидерот на Националната партија **Дејвид Литлправуд** рече дека одговорот на Коалицијата на буџетот е за враќање на основите. **Ентони Албанезе** ја нападна Коалицијата затоа што не ги открива клучните детали од својата контроверзна нуклеарна политика, која сега се чини дека ќе биде одложена до крајот на годината. Лидерот на опозицијата **Питер Датон** одговори на сојузниот буџет при што ги изостави опозиционите детали за клучната енергетска политика, вклучувајќи го вкупнитот трошок за поставување шест нуклеарни електрани кои би требало да ги заменат електраните



на јаглен кои треба да се затворат.

Лидерот на Националната партија, **Дејвид Литлправуд** вели не би било „соодветно" **Датон** да ги открие целосните трошоци во неговиот одговор за буџетот, но потврди дека деталите ќе биде откриена пред крајот на 2024 година. *„Спроведовме темелни анкети во изборните единици, гледаме шест или седум локации и сите единици ја поддржаа нуклеарна иднина"* - изјави **Литлправуд**.

Опишувајќи ја идејата на опозицијата за нуклеарна енергија како „шокантна политика", прајминистерот го обвини **Литлправуд** за намерно криење детали од јавноста бидејќи неговиот план *„нема да ги исполни ветувањата"*.

*„**Дејвид Литлправуд** рече дека направиле анкети во областите каде би се граделе нуклеарни реактори. Така што е јасно дека има целосно знаење за тоа каде ќе се градат реакторите, но не сака да им каже на австралиските граѓани каде тоа ќе биде. На почетокот на минатата недела рече дека ќе ги погледне Австралијците во очи и ќе им каже каде е планирано да се градат нуклеарните централи и колку ќе чинат, кој ќе ги изгради и кој ќе ги финансира. Денес говори: имаме резултати од анкетата, но сакаме да ви ги кажеме. Тоа не е доволно добро"* - рече **Албанезе**.

Федералните изборни единици *Гипсленд* во *Викторија*, *Хантер* во *Нов Јужен Велс*, изборните единици *Мараноа* и *Флин* во *Квинсленд* како и *О'Конор* во *Западна Австралија* се единствените во кои се планира затворање на електраните на јаглен во следните две децении. Изборните единици каде се затвораат електраните на јаглен се речиси исклучиво под раководство на Либералната и Националната партија, со исклучок на изборната единица *Хантер*.

# Авиони за евакуација на туристи од Нова Каледонија



*Австралија* и *Нов Зеланд* испратија владини авиони за да ги евакуираат своите граѓани од *Нова Каледонија*, француска прекуморска територија каде што летовите се прекинати поради насилните протести по повод измените на изборните закони.

*„Граѓаните на Австралија и Нов Зеланд во Нова Каледонија се соочија со неколку предизвикувачки денови и нивното враќање дома беше итен приоритет за нашата влада"*, рече министерот за надворешни работи на *Нов Зеланд*, **Винстон Питерс**, по состанокот со неговите француски и австралиски колеги, кога беше договорена евакуацијата.

Во таа акција учествуваа авиони од одбранбените сили на *Австралија* и *Нов Зеланд*, а француската Висока комисија во *Нова Каледонија* соопшти дека аеродромот на тој остров се уште е затворен за комерцијални летови и дека војската ги заштитува јавните објекти.

Немирите започнаа на 13 мај, откако пратениците во националното собрание во *Париз* гласаа за промена на законот за да им се овозможи на повеќе француски граѓани да гласаат на локалните избори во *Нова Каледонија*, што според домородните лидери ќе го неутрализира домородното политичко влијание.

Властите прогласија вонредна состојба која вклучува ноќен полициски час, како и забрани за јавни собири, продажба на алкохол и носење оружје.




Др. Сузана Котевска
СПЕЦИЈАЛИСТ ГИНЕКОЛОГ - АКУШЕР
ВИ ГИ НУДИ СЛЕДНИТЕ УСЛУГИ И СОВЕТИ
- Водење на бременост, прегледи и породување
- Гинеколошки операции
- Гинеколошки прегледи и совети за болни менструации
- Лекување на стерилитет
- Пап тест
- Климактерични тегоби
- Совети за контрацепција
- Проблеми со бешиката

ЗАДОЛЖИТЕЛЕН Е УПАТ ОД ВАШИОТ ФАМИЛИЈАРЕН ДОКТОР
Level 1, 117 / 320 Victoria Parade East Melbourne, 3002
Inside Epworth Freemasons Medical Centre
Tel: 9419 8333 Fax: 9415 9998
email: stelaobs@bigpond.com



# Австралија донесе закон за дигитална идентификација

Предлог законот за национална дигитална идентификација помина и низ австралискиот Сенат и е во парламентот, и се чека само кралска согласност.

Долго најавуваните австралиски закони за дигитална индентификација конечно поминаа во парламентот, чекајќи ја кралската согласност пред да стапат на сила во ноември 2024 година. Предлог законот за дигитална идентификација 2024 година и Предлог законот за дигитална идентификација (преодни и последователни одредби) 2024 година поминаа во Парламентарниот дом на 16 мај, нешто што Министерството за финансии го нарекува *„пресвртница за програмата"*.

*„Ова дава сигурност за проширување на системот за дигитална идентификација на австралиската влада и за провајдерите и услугите да се пријават за приклучување кон владиниот систем". Дигитален ID систем за целата економија ќе им даде голем број предности на Австралијците за подобрување на приватноста и безбедноста при интеракција на мрежите"* - се вели во соопштението.

*„Исто така, ќе ја зајакне доброволната шема на акредитација за давателите на услуги за дигиталниот ID кои сакаат да покажат усогласеност со најдобрите стандарди за приватност, безбедност, проверки и автентикација, обезбедувајќи им на Австралијците поголем избор на безбедни и доверливи провајдери.*

Откако законот ќе стапи на сила, Австралиската комисија за конкуренција и потрошувачи ќе биде регулатор за дигиталните лични карти, а канцеларијата на комесарот за информации ќе ги регулира аспектите на приватноста на новиот систем.

Агендата на *Светскиот Економски Форум* и другите нео-комунистички организации кога станува збор за Дигиталниот ID е контрола и само контрола на населението додека на граѓаните им продаваат приказни за нивната сигурност и безбедност.

Како што велат властите што го поставија експериментот *WEF*, *„Австралијците ќе споделуваат помалку лични податоци, кои ги поседуваат помали организации, кои подлежат на посилна регулатива, намалувајќи ја можноста за кражба на идентитет на мрежата.*

Системот за дигитална идентификација ќе помогне да се избегне комплицираниот процес за собирање 100 поени за идентификација и потврдување на нивната автентичност.

За политичарот **Малколм Робертс** од *Една Нација* активирањето на дигиталниот ID го нарече „злобен план" во својот говор во Сенатот на 14 мај.

Според **Робертс**, Законот за дигитална идентификација е план за *„да се префрлувајки уште повеќе богатство и контрола во рацете на светските милијардери, грабливци, додека го користат Законот за онлајн безбедност, Законот за услуги за верификација на идентитетот, Законот за дигитален идентитет и Законот за дезинформации и дезинформации на идентитетот. Да се уапси, казни и затвори секој оној кој ќе се спротивстави, е лизгање назад кон феудализам и кметство"*.

# Австралија бара да престане кривичното гонење на Асанж

Австралискиот прајминистер **Ентони Албанезе** повика да се стави крај на затворањето и гонењето на основачот на *Викиликс*, **Џулијан Асанж**, откако му беше одобрена нова жалба против неговата екстрадиција во *САД*.

Високиот суд на *Велика Британија* му дозволи на **Асанж** да поднесе жалба на неговата екстрадиција, спречувајќи ги напорите на *Вашингтон* да му се суди на 52-годишниот Австралиец обвинет за оддавање американски воени тајни.

По одлуката, австралискиот прајминистер ги повтори повиците за прекин на гонењето на **Асанж**, велејќи дека нема *„ништо да се добие"* од неговото затворање.

– *Работиме на тоа*, изјави **Албанезе**.

Британската влада ја одобри екстрадицијата на **Асанж** во јуни 2022 година. **Асанж** е во затвор во *Лондон* од април 2019 година, откако помина седум години во засолниште во амбасадата на *Еквадор* во *Лондон*. **Алабензе** на почетокот на годинава изјави



дека гонењето на **Асанж** „не може да трае бесконечно". Американските власти сакаат да му судат на **Асанж** за оддавање американски воени тајни поврзани со војните во *Ирак* и *Авганистан*. Тој е обвинет дека објавил 700.000 доверливи документи за американските воени и дипломатски активности, особено во *Ирак* и *Авганистан*, почнувајќи од 2010 година, а во *САД* се соочува со затворска казна до 175 години.

Стела сопругата на **Џулијан Асанж** вети дека без разлика на исходот, таа ќе продолжи да се бори за неговата слобода. Доколку биде ослободен, таа планира да го следи во *Австралија* или каде и да е каде што ќе биде безбеден. Доколку биде екстрадиран, таа рече дека сите психијатриски наоди презентирани во судот заклучиле дека Асанж е во многу сериозен ризик од самоубиство. *„Живееме од ден на ден, од седмица во седмица, од одлука до одлука. Ова е начинот на кој живееме со години"*, изјави таа.

*„Ова едноставно не е начин да се живее, тоа е премногу сурово. И не, не можам да се подготвам за негова екстрадиција, како би можела? Но, ако биде екстрадиран, тогаш ќе направам сѐ што можам, а нашето семејство ќе се бори за тоа додека тој не биде слободен"*, ветува **Стела Асанж**.




# Здравството на колена поради хаваријата со хируршките сали на Клинички




Хируршките сали на Клинички центар се затворени повеќе од една недела, а Министерството за здравство со крајно игнорантски однос, наместо да го реши проблемот, му го нафрли на Јавното обвинителство во форма на претставка. Во меѓувреме решение за пациентите нема, а докторите од „Св. Наум Охридски" (порано Градска болница, кај Собранието) и „8 Септември" (поранешна Воена болница) се обидуваат да постигнат со работа преземајќи ги сите пациентите кои се одбиваат на Клинички центар.

Оние пациенти кои не се итни се упатени да чекаат дури и со сериозни дијагнози како карцином.

Проблемот започна откако беа затворени 8 операциони сали поради тоа што се ширел непријатен мирис (велат јаглерод-моноксид) во хируршките сали од системот за довод на кислород. Се работи за интегриран вентилациски систем со заеднички компресори. Во функција се само три сали кои не биле поврзани на него туку имале независен систем.

Чудно е тоа што никој не го поправа проблематичниот систем, односно изгледа дека фирмата за одржување не може да најде дефект. Обвинител почнал да повикува лица да провери дали има кривично дело во овој случај. Следни за сослушување се директорите на хируршки клиники.

Министерот за здравство по еднонеделен молк реферираше за состојбите на клинички и објасни дека проблемот е во компресорската станица и инсталацијата за кислород, за што се испратени мостри на испитување во Германија, од каде се чекаат резултати.

Во меѓувреме, последните две седмици двете други болници - „8 Септември" и „Св. Наум Охридски" се координираат за да опслужат што е можно повеќе пациенти. Но бараат да се направи реорганизација на персоналот и медицинските материјали кои стојат неискористени во Клиничкиот центар.

Ортопедскиот хирург Александар Каревски од „8 Септември" доби поддршка на социјалните мрежи со пораката: Да ги спасиме пациентите прво, после барајте кој е кри!

„Пратете ни инструментарки, материјали и останат среден персонал од клиниките кои немаат сали затоа што и ние сме виртуозно изменаџирани, па ние ʽсекундарнатаʼ ʽ8 Септемвриʼ ќе ги згрижиме пациентите. Ставете го стационарот на Клиниките на наше располагање за веќе оперираните пациенти за кои не треба кислород и ќе имаме места.

Спасете ги пациентите, а после барајте си кој е крив. А важно е да се најде кој е крив, само да не ви треба огледало за истото?", порача Каревски.

Reg. No. A0042461G
АХАМ BRIDGE OF HUMANITY
ABN 93 019 262 123

АХАМ ГАРАНТИРА ДЕКА ВАШИТЕ ИСПРАТЕНИ БОКСИ ЌЕ ИМ БИДАТ ЛИЧНО ПРЕДАДЕНИ НА ПРИМАЧИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО РОК ОД ТРИ МЕСЕЦИ ОТКАКО КОНТЕЈНЕРОТ ЌЕ ЗАМИНЕ ОД АВСТРАЛИЈА

Места каде се издаваат и примаат кутиите

ВИКТОРИЈА
Илија Јошевски Мечето 93673091, моб: 0418 396 256
Дијана Мицалевска Пупалевска 0414 743 117
ЏИЛОНГ: Коста 0401 550 841
АЛТОНА: Јован 9314 8585 ,0434 088 440
АРДИА: Милорад и Сенди 9363 3635
БАНДУРА: Филимена 9467 8027
БОКС ХИЛ-РИНГВУД: Гоце 0431 518 568
ДАНДЕНОНГ: Борката 9795 6305, 0411 767 613
КИЛО-СЕНТ АЛБАНС: Или Мечето 9367 3091, 0418 396 256
ЕСЕНДОН – АВОНДАИЛ ХАЈТС: Целе Велјановски 9337 3931
ЛАЈЛОР ЕПИНГ: Кинг Фреш Бурек 9401 4777, Стојна и Панде 0481 184 038
МЕЛТОН: Драги 0419 325 848
ПРЕСТОН – НОРТКОТ: Валентина 0451 820 045
ПРЕСТОН: Аница 0409 416 273, Валентина 0451 820 045 Милка и Љупчо, Авио Травел 9471 4556, 9471 4559
РЕЗЕРВО: Ило 9460 7802, 0432 654 251

СЕНТ АЛБАНС: Кинг Фреш Бурек -9364 3752, 0414 544 563
ЈАРАВИЛ: Трена 9687 4663

НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС
СИДНЕЈ: Љупчо 0415 801 989
АРНКЛИФ: Горан 0414 597 595
БЕНКСТАУН – ЈАГУНА: Сашо 9707 1430, 0416 934 638, Џексон - 9793 0366, 0407 175 727
КАНЛЕЈ ВАЛИ: Илија 9754 2287
РОКДАЕЛ: ВМ Центури Травел 9587 5493
КАНБЕРА – КВИНБИЈАН: Душица 0404 149 965
ВОЛОНГОНГ – ПОРТ КЕМБЛА: Васко 0450 484 418

ЈУЖНА АВСТРАЛИЈА
АДЕЛАИД: Драго 08 8345 1381

ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА
ПЕРТ: Славе 08 9300 8342, 0419 997 719, Ислам 9440 4038, 0433 214 874

КВИНСЛЕНД
БРИЗБЕН: Весна 0433 218 018, Невенка 0402 847 225

Добиената сметко-потврда е Tax Deductable, а ако ја пријавувате на вашата годишна такса

## СИЉАНОВСКА ДАВКОВА:

# Лентата беше куса, инаку јас сакав на венците да пишува „РС Македонија"



Претседателката Гордана Сиљановска-Давкова објасни зошто на венците што го положи - еден на гробот на свети Кирил и друг во базиликата „Санта Марија Маџоре" - во Рим не го пишуваше името на државата.

- Знаете дека тие ленти не се многу големи, разговаравме во Кабинетот, имавме и разни мислења меѓу себе, на пример јас имав мислење дека може РС Македонија бидејќи немаше простор. Но, некако на крајот рековме дека можеби бидејќи јас сум на чело на делегацијата, државна, црковна, ова да биде некое решение. Знам дека може да има забелешки, ги разбирам многу од нив, многу се логични. Македонија ја претставувавме таму. Но, веројатно во време кога, по мојот говор, по моето избегнување на говорницата на официјалното име на државата, по определувањето за Македонија, врз основа на правото на самоопределување или слободата на изразување на мислата, се одлучивмне на ова решение. Не мислам дека тоа е не знам каков проблем, ниту негирање на Македонија ниту негирање на државата. Се знаеше која е делегацијата, кои сме ние. Нам ни се чинеше дека тоа е најдобро во тој момент, одговори Сиљановска-Давкова на новинарско прашање во Скопје.

За некористењето на уставното име и како тоа се одразува на односите со соседите, смета дека не може со една изјава да се вратат односите наназад.

- Според мене тоа не значи прекршување на Преспанскиот договор. Јас и пред некој ден кажав – ниту одбив да ја потпишам изјавата, ниту ја искинав, ниту реков дека ќе покренувам постапка за поништување на Преспанскиот договор иако таму има постапка. Јас само усно си го искористив сократовски правото на слободно изразување на мислата така како што го прават и многу други претседатели, вклучувајќи го и претседателот на САД, претседателите – значи и тие употребуваат скратени изрази, инаку би требало да се автоцензурирам. Исто така знам дека на телевизиите многу често оди Македонија, а и тие имаат понекогаш проекти од државата, имаме партија која е финансирана од државата, а во името има Македонија, мислам на СДСМ, рече Сиљановска Давкова.

Додаде дека е добро што земјата е членка на НАТО, но смета дека не е чекор напред тоа што повторно стоиме пред промена на Уставот за да почнат преговорите. Нагласи дека логично би било сите да ги реализираат преземените обврски.

Во врска со писмената честитка на Стејт департментот за прва жена претседател, која, како што објавија медиумите не била испратена поради неупотребата на уставното име на инаугурацијата, Сиљановска Давкова истакна дека таа имала средба со американската амбасадорка Анџела Агелер, ден пред инаугурацијата во парламентот и дека тоа е нивна одлука во која таа не може да се меша.

# Конституирано новото Собрание на Македонија, Африм Гаши избран за претседател



Продолжува и дури се засилува преференцијалната употреба на албанскиот јазик. На оваа свечена собраниска седница на македонски јазик беше само изведувањето на химната „Денес над Македонија…“ и заклетвата што ја даде Африм Гаши, ама откако прво ја кажа на албански. Сето друго се одвиваше на албански и затоа Македонците постојано носеа слушалки

Африм Гаши е избран за претседател на Собранието - „за" гласаа 76 пратеници, „против" беа шестмина (од Левица), а воздржани немаше (од СДСМ не притиснаа никакво копче за гласање). Пратениците на ДУИ со коалицијата пред гласањето си излегоа од пленарната сала.

По изборот, Гаши прво на албански па на македонски јазик ја даде и ја потпиша свечената изјава. Потоа на албански се обрати пред присутните пратеници:

- Бидејќи ова ми е трет пратенички мандат може да кажам дека сум имал можност да бидам и пратеник на власта и на опозицијата. Ќе се погрижам да овозможам на секој пратеник да му се гарантира право на изразување. Мојата единствена припадност ќе биде ниту еден пратеник да не биде дискриминиран, рече Гаши.

Тој првиот мандат го доби како потпретседател на БЕСА, вториот и третиот како лидер на Алтернатива (последниов пат во рамки коалицијата „Вреди"). За да стане претседател на Собранието тој ден претходно поднесе оставка од лидерското место на Алтернатива.

Гаши седниците ќе ги води на албански јазик. За функцијата спикер на законодавниот дом беше предложен со потписи од 75 пратеници од ВМРО-ДПМНЕ, коалицијата „Вреди" и Движењето ЗНАМ – За наша Македонија.

## Собранието почна со 117 пратеници, останатите тројца се очекуваат на наредната седница

Конститутивната седница на 28 мај ја отвори највозрасниот пратеник, Мерита Колчи Коџаџику. Таа говореше на албански и го предложи дневниот ред: избор на Верификациона комисија, избор на Комисија за именувања и избор на претседател на Собранието.

Верификационата комисија во паузата подготви писмен извештај со потврда на мандатите на 118 пратеници. Но воедно ја усвои оставката на Биљал Касами кој реши да се откаже од пратеничкото место и да остане градоначалник на Тетово. На негово место ќе дојде следниот од листата на коалицијата „Вреди" за 6ИЕ.

Исто така останува да бидат верификувани и мандатите на двајцата пратеници по прегласувањето во Шестата и Петтата изборна единица - едниот од „Вреди" а вториот од ДУИ. За нив се чека да помине жалбената постапка.

Во новиот парламентарен состав најмногу пратеници има коалицијата „Твоја Македонија" предводена од ВМРО-ДПМНЕ – 58, коалицијата „За европска иднина" предводена од СДСМ има 18 пратеници, коалицијата „Европски фронт" предводена од ДУИ има исто 18 пратеници, коалицијата „Вреди 14", Левица шест и ЗНАМ шест пратеници.

Коалицијата за состав на Влада ќе ја сочинуваат ВМРО-ДПМНЕ, „Вреди" и ЗНАМ. Се најавува дека ќе им се приклучат и поедини пратеници од другите коалиции кои остануваат во опозиција.

Сега почнуваат да течат роковите за состав на влада. Откако собранискиот спикер Гаши ќе ја извести претседателката Гордана Сиљановска Давкова дека Собранието е во функција таа има 10 дена да го додели мандатот на најголемата партија која има обезбедено најмалку 61 пратеник. Јасно е дека мандатар и иден премиер ќе биде Христијан Мицкоски. Се очекува неговата Влада да биде изгласана најдоцна до 20 јуни.

## Џафери останува премиер, немало да крева рака во Собранието

Техничкиот премиер Таљат Џафери на собраниската говорница кажа дека претходниот парламентарен состав не ја разрешил владата и поради тоа нема акт со кој би дошло до престанок на неговата функција, но поради Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси тој немало да земе учество во парламентот како пратеник се додека не се формира новата влада.

Според Уставот и вицепремиерот Фатмир Битиќи и министрите Илир Демири, Љупчо Николовски, Славјанка Петровска и Бисера Стојчевска Костадиновска (како веќе верификувани пратеници) исто така не би смееле да ја вршат и улогата членови на Владата. Нивните функции би требало да продолжат да ги извршуваат замениците-министри во ресорите.

### ГЛЕТКА ШТО Е РЕТКО ВИДЕНА:

## Ахмети седна во опозиција!

Некогаш „семоќниот" Али Ахмети седна во опозицискиот дел во Собранието, за првпат по 16 години.

Досега ДУИ само еднаш беше во опозиција - од 2006 до 2008 година - кога ВМРО-ДПМНЕ формираше Влада со тогаш неговиот лут опонент, а сегашен коалиционен партнер ДПА.

Али Ахмети со неговата ДУИ е во опозиција заедно со СДСМ и Левица.

Според застапеноста на партиите со пратеници во Собранието редоследот е следен: прва е ВМРО-ДПМНЕ, потоа СДСМ, ДУИ, Левица, ЗНАМ… СДСМ и



ДУИ имаат ист број пратеници, исто како и Левица и ЗНАМ, па редоследот е според освоениот број гласови.




# Се исцртува составот на идната Влада

Се чини дека комплетно се завршени преговорите за составот и поделбата на ресори во идната Влада на Христијан Мицкоски. На конститутивната седница во Собранието се виде дека владината коалиција ќе смета на 78 пратенички гласови. Не се појавија оние 3 пратеници кои Мицкоски објави дека ги договорил „да прелетаат" од опозицијата во редовите на „За твоја Македонија".

Иако сите информации се наофицијални, се чини дека е договорено ВМРО-ДПМНЕ да раководи со 9 министерства: за внатрешни работи, финансии, транспорт и врски, образование, култура, за надворешни работи, за земјоделство, локална самоуправа, за одбрана и за енергетика. За ЗНАМ би биле резервирани ресорите правда и новото за администрација, додека со министерството за политички систем ќе раководи коалициски партнер на ВМРО-ДПМНЕ од помалите заедници.

Коалицијата „Вреди", неофицијално, ќе раководи со министерствата за здравство, труд и социјална политика, економија, евроинтеграции и животна средина. Министер за животна средина наводно ќе биде лидерот на Демократско движење, Изет Меџити, кој воедно ќе биде и вицепремиер. Министер за здравство се очекува да биде лидерот на дел од Алијанса за Албанците, Арбен Таравари. Ако се нафати на ова функција ќе треба да се распишат нови избори и за неговата сегашна функција - градоначалник и во Гостивар. Сепак, според изворите од преговорите меѓу ВМРО-ДПМНЕ и „Вреди", веќе е договорено веднаш по конститутивната собраниска седница меѓу првите закони кои ќе бидат предложени да биде измената на Изборниот законик. Целта е да нема предвремени избори за избор на градоначалник во случај ако тој е избран за пратеник или, пак, биде избран за министер. Со ова партиите што имаат актуелни градоначалници нема да ги изгубат општините при предвремени избори за градоначалник.

Со измените на Изборниот законик ќе се реализира и еден од главните принципи на кој инсистирал идниот мандатар Мицкоски во преговорите со „Вреди" – лидерите на партиите да бидат дел од министерскиот тим предводен од него, за тие лично да ја преземат одговорноста за владеењето, како и за поефикасна комуникација на премиерот со владините партнери.

„Вреди" во распределбата на колачот, според неофицијалните информации, добива четири заменици министри и тоа во ресорите МВР, одбрана, земјоделие и образование.

# Апасиев: „ОЧЕКУВАМ КОСОВАРИЗАЦИЈА НА ДРЖАВАТА"



Пратениците на Левица однапред се изјаснија дека нема да го поддржат Африм Гаши од Алтернатива да биде претседател на Собранието.

На прашање зошто не сакаат Албанец да биде претседател на Собранието, Димитар Апасиев рече дека е противуставно да се зборува на друг јазик освен на македонски кога се заседава со седници.

Апасиев додаде дека очекува „косоваризација" на државата и му понуди на Мицкоски, како што кажа, бланко поддршка за тоа да не се случи.

- Вие од ВМРО-ДПМНЕ отидовте по волна а се вративте острижени. Се удиравте во гради со освоени 58 или 61 пратеник (ги купивте тие тројца како на кванташки пазар) а после го дадовте спикерското место и отидовте на „баци рака" кај Африм Гаши за да ви закаже седница на Собранието. Па вие правите косоваризација на Македонија!? Па ќе нема држава на светот каде парламентот се претседава на македонски јазик!?!?, рече Апасиев.

Тој кажа дека ова лажење граѓаните нема да им го простат на Мицкоски и на ВМРО-ДПМНЕ, за кои кажа дека сега се мачиња, по што им кажа „мјаууу" од собраниската говорница.

**МИЦКОСКИ:**

# Левица продолжува да се однесува како „група џанаци"



*Лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски за прв пат се појави во Собрание и седна на пратеничката фотелја. Тој е начело на ВМРО-ДПМНЕ од декември 2017 но досега не бил пратеник. Сепак, како иден премиер многу скоро ќе ја напушти пратеничката улога*

Христијан Мицкоски веднаш му возврати на Апасиев. Лидерот на ВМРО-ДПМНЕ и иден премиер на Македонија напомена дека на Апасиев во два наврати му била понудена рака за соработка, но тој ја одбил. Мицкоски го цитираше поранешен член кој Левица самиот ја опиша како партија на „џанаци" (сленг за наркомани).

- Димитар Апасиев пред изборите имаше бланко понуда од ВМРО-ДПМНЕ да се приклучи и да застане на страната на македонското национално единство. Тој одлучи повеќе да се посвети на правењето планови каде ова лето ќе ужива дали на Хургада (Египет-з.н.) или пак на некоја друга грчка плажа. Како што еден од неговите поранешни сопартијци вели дека тие биле една група на џанаци, тој и понатаму продолжува да се однесува така, децидно рече Мицкоски.

## Богоев и Петров ги искараа новите пратеници на СДСМ:

# Треба да дискутирате, а не да се сликате



Андреј Петров од СДСМ и Стефан Богоев, негов сопартиец и можен кандидат за претседател на партијата, упатија тешки критики на новите пратеници на социјалдемократите за нивниот молк на конститутивната седница на која Африм Гаши беше избран за претседател на Собранието.

- Срам ме изеде што ниту еден од пратениците на СДСМ глас не пушти. На пример можеа да станат и да кажат дека се избра претседател на Собранието кој е од партија со вкупно двајца пратеници. Алтернатива има двајца пратеници - Гаши и уште еден. Па како тоа претходно беше проблем партија со 15 пратници да има собраниси спикер а сега е во ред партија со двајца пратеници да го држи тоа место!? Опозицијата треба да биде конструктивна, но работата на пратеникот во парламентот е да зборува на говорница, рече Петров.

**Костадиновска-Стојчевска реагираше на свечената изјава на Гаши, ама од дома**

Пратеничката на СДСМ, Бисера Костадиновска-Стојчевска (официјално се уште министерка за култура) реагираше поради скандалот - свечената заклетва новоизбраниот спикер Африм Гаши ја даде прво на албански, а потоа на македонски јазик. Во нејзиниот фејсбук-статус (напишан ама откако си дошла дома) стои:

- Новиот претседател на Собранието и претседавачката на конститутивна седница Мерита Коџаџику го прекршија духот на мултиетничноста на нашата држава, но и духот на Уставот и на Законот за употреба на македонскиот јазик при давањето на свечената заклетва. Македонскиот јазик е првиот официјален јазик на Македонија, а потоа следат другите, не помалку важни јазици, но утврдени со Устав согласно процентуалната застапеност на граѓаните кои го зборуваат. Јазикот не е и не може да биде личен или етнички механизам за политичко поентирање – јазикот е средство за службена и друг тип комуникација, стои во реакцијата на Костадиновска-Стојчевска.


Жељко Стојаковиќ
Barristers & Solicitors



РАЗУМНИ ЦЕНИ ЗА НАШИТЕ УСЛУГИ

- Challenging Wills
- Family Law
- Criminal Law
- Wills & Probate
- All Courts & Tribunals

- Оспоруваме тестамент
- Семејно право
- Кривично право
- Тестаменти и Оставнина
- Сите судови и трибунали

Suite 5, Floor 1, 332A Main Rd East, St Albans
Tel: (03) 9310 9971

## НИКОЈ НЕ МОЖЕ ДА ПОГОДИ КОЈА Е МАЈКАТА НА ФОТОГРАФИЈАТА:

# ЛУЃЕТО БАРААТ СО ЧАСОВИ, НО НЕ МОЖАТ ДА ЈА НАЈДАТ ЖЕНАТА КОЈА РОДИЛА ТРИ ЌЕРКИ





Секогаш кога ќе објави фотографија со своите ќерки, таа предизвикува хаос на социјалните мрежи, бидејќи една од русокосите е 20 години постара од другите.

Натали Вардел од Австралија е горда мајка. Не е познато дали го пронашла еликсирот на вечната младост, но едно е сигурно – добрата генетика, квалитетната исхрана и тренинзите се составен дел од нејзиниот живот.

Фотографијата на Натали со ќерките предизвика големо внимание на социјалните мрежи бидејќи никој не беше сигурен која е мајка, а која ќерка на сликата. Натали Вардел, мајка на три ќерки, е првата русокоса од левата страна.

„Секако дека е комплимент, но често налетувам на коментар дека сакам да личам на моите деца. Тоа е само добра генетика", објаснува Натали (50) за австралискиот ABC News.

Ќерките Јасмин (24), Тамика (22) и Медисон (20) се горди на нивната мајка што е физички активна и се грижи за себе.

Инаку, Натали е 27 години во брак со Брандин, со кој има три ќерки, а минатата година стана баба.

„Тој е мое момче и најдобар пријател веќе 27 години. Колку повеќе сме заедно, толку повеќе се сакаме и повеќе го цениме она што го имаме. Вистинска љубов е кога ќе ја најдеш својата сродна душа", изјави Натали.

# Еден мртов, двајца повредени во пукање на Пластичарската улица



Три лица биле ранети во понеделникот вечерта при пукање на булеваротот *„Никола Карев"*, познат како *Пластичарска улица*, во *Скопје*. Повредените биле итно префрлени со приватни возила во хируршката болница *„Св. Наум Охридски"* (поранешна Градска болница) и на комплексот клиники *„Мајка Тереза"*.

Но еден од нив починал - тоа е хип-хоп пејачот **Амар Исмани** (29) кого на *Инстаграм* го следат околу 300.000 луѓе. Последната негова објава на *Инстаграм* стори е објавена неколку часа пред смртта. Тој на социјалните мрежи често споделувал фотографии од патувања. На 25 април објавил фотографии од свршувачката со својата избраничка.

Според истрагата на пукањето му претходела масовна тепачка. Нема поточни податоци зошто се случило сето ова. Додека полицијата вршеше увид на улицата стоеше црно „алфа ромео" изрешетано со куршуми. Покрај отворената врата на возачот имало пар бели патики.

Еден од ранетите, 24-годишниот **Т.А.** бил однесен во *„Св Кликент Охридски"*, каде бил опериран од приострелна рана во грбот, додека двајцата други ранети 19-годишниот **О.Б.** и 29-годишниот **Исеини** биле однесени на Кардиохирургија, во Комплексот клиники. **Амар Исеини** починал 40-ина минути по донесувањето во боолница.

Се преземаат мерки за пронаоѓање на сторителите и расчистување на случајот.

## Се пукале од возила во движење

На 24 мај во 1 часот во *СВР Скопје*, **Н.С.**(18) од с.*Арнакија*, *Скопско*, пријавил дека неполни два часа претходно на регионалниот пат *Тетово-Скопје*, во близина на с.*Чајлане*, 17-годишник од с. *Бојане, Скопско*, кој бил со патничко возило „фоклсваген пасат", а со кого претходно имале расправија, пукал кон **Н.С.** и неговото возило „сеат леон". Повредени лица нема. На 26 мај во 3 часот во *СВР Скопје*, **С.С.**(43) од с.*Батинци*, *Скопско* пријавил дека на 25.05.2024 околу 21.50 часот на подрачјето на с.*Батинци*, додека управувал патничко возило „фолксваген голф" со скопски регистарски ознаки, слушнал истрели по што застанал и на задниот дел на возилото забележал оштетување од огнено оружје. Повредени лица нема ниту во овој случај. Се преземаат мерки за расчистување на обата случаи.

## Работник кој косел трева "собран" од автомобил на патот Кочани-Штип



Двајца се повредени во нова сообраќајна несреќа на патот *Штип-Кочани*, во понеделникот утрото пред 8 часот, на околу 3 километри од клучката *Три Чешми*. 42-годишен работник од *Штип* кој ја косел тревата покрај коловозот е тешко повреден откако бил удрен од возило марка „сеат леон" управувано од 43-годишен возач **С.М.** од *Пробиштип*, по што со возилото се преврте л. Патарот е потешко повреден и е згрижен во болница. Возачот минал со полесни повреди. Сообраќајот беше во прекин и се одвиваше отежнато на делницата.

## Велешанец собирал печурки, во коленото му влегол проектил од огнено оружје



Велешанец при собирање печурки почувствувал убод во левата нога. По лекарски преглед, од коленото му бил изваден проектил од огнено оружје.

*– Во СВР Велес 63-годишниот Д.Ј.од Велес пријавил дека при собирање печурки во атарот на село Лисиче, Општина Чашка, почувствувал убод на левата нога, по што во Општа болница Велес му бил извршен преглед и од коленото му бил изваден проектил од огнено оружје,* информира денеска **Татјана Ѓуровска** од *СВР Велес*. Таа додаде дека за настанот бил известен јавен обвинител од Основното јавно обвинителство *Велес* и дека се преземаат мерки за негово расчистување.

## Косел трева со косилка, случајно го скинал кабелот и починал од струен удар среде дворот!

На 25 мај доцна попладнето во полициска станица било пријавено дека во двор од семејниот дом на подрачјето на *Бит Пазар*, додека **В.П.**(66) косел трева со приправена електрична косилка, се здобил со струен удар и починал. Проблем бил кабелот!? Од страна на лекар од Итната медицинска помош била констатирана смрт. По насоки на јавен обвинител била извршена обдукција која ја потврдила причината за смртта, а увид извршила увидна екипа од *СВР Скопје*.

## "Успение на Пресвета Богородица" - Сиденхам



Свештеникот, протереј ставрофор **Ефтим Бетински** ќе биде достапен во црквата *"Успение на Пресвета Богородица"* секој ден од понеделник до петок, од 10:00 до 15:00 часот, Моб: **0499 007 574** или email: *betinski_e@yahoo.com*

Неделната богослужба е од 9:00 часот.

*Macedonian Australian Orthodox Church "Uspenie na Presveta Bogorodica - St. Mary" Western Region inc.- 340 Sydenham Road Sydenham Vic 3037*



## ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА МАКЕДОНСКИТЕ ПРОСВЕТИТЕЛИТЕ:

# Глаголицата на Светите браќа Кирил и Методиј










Со свечен настан и културно-уметничка програма во саботното училиште во *Килор Даунс*, во *Мелбурн*, беше одбележан Денот на сесловенските просветители св. **Кирил** и **Методиј** – 24 мај.

*„Зар не паѓа дожд од Бога на сите подеднакво? Или Сонцето не свети за сите, исто така? Зар не го дишеме воздухот сите еднакво? Како тогаш не се срамите да признаете само три јазика, а за сите други народи и племиња сакате да бидат слепи и глуви? Дали Господ го сметате толку бессилен тоа да не може да го даде, или завидлив, па тоа да не го сака?"*

Со овие зборови **Константин** филозоф, подоцна прославен со калуѓерското име **Кирил**, во 9 век го бранел нашиот јазик пред т.н. трујазичници - оние кои тврделе дека само латинскиот, грчкиот и еврејскиот се свети јазици на кои може да се држи богослужба. Тие него го обвинувале за ерес зашто го вовел и јазик на македонците меѓу привилегираните, кои тој статус го заслужиле зашто биле испишани на крстот на **Исус**. Културниот универзум, библиската егзегеза започнала преку мисиите на Светите браќа **Кирил** и **Методиј** кои го посеале многувековното семе на просветата, оние кои го удриле темелот на словенската писменост и литература. Преку нивното животворно беседење се спротивставиле на тријазичниците, докажувајќи ја праведноста, вистинољубивоста и човекољубивоста на секоја единка во овој Божествен универзум. Создавањето писмо, азбука според Богочовековиот лик го соединува Св. **Кирил Филозоф** со вечноста, со создавањето на еден нов свет што ни го оставил како наследство и завет да го чуваме достојно преку нашиот македонски јазик. Низ една ваква увертира беше одржан свечен настан со културно-уметничка програма за учениците кои го изучуваат македонскиот јазик во саботното училиште во *Килор Даунс*. Овој настан беше збогатен со едно предавање за средновековната литература и култура во чест на Светите браќа **Кирил** и **Методиј** од страна на д-р **Соња Енџекова Сопотска**, која љубовта кон средновековната ракописна традиција успешно им ја пренесе на учениците. Имено, процесот на создавањето на глаголицата беше детално објаснет преку примената на симболите на ова писмо, споредувајќи ја со денешната наша кирилица. Во текот на предавањето, учениците беа интерактивно вклучени преку читање на беседата за Тријазичниците, трактатот од **Црноризец Храбар** *„За буквите"*, како и рецитирање на стихотворби и поеми посветени на Св. **Кирил** и **Методиј**. Истовремено, учениците се запознаа со средновековниот начин на пишување ракописи преку таканаречената калиграфија. На крајот од предавањето, учениците напишаа текстови со примена на калиграфијата како визуелна уметност.

Учениците кои учествува во интерактивното предавање беа: **Кристијан Станојоски, Миа Гајич, Натали Јовановска, Павел Сопотски, Илијан Хаџи Поповски, Микајла Митрев, Тамара Талевска, Лазар Сопотски, Кристиана Хаџи Попова, Изабела Јовановска, Тамара Ташкова, Иден Апостоловска, Мила Ицова, Маркус и Стефани Митреви, Дејвид Даскаловски, Џошуа Коштревски, Итан Тодоровски, Филип Христовски** и **Стефан Тоти**.

*Д-р* ***Соња Енџекова-Сопотска***



# Најбогатата австралијка бара нејзиниот портрет да биде отстранет од изложбата




Бизнисменката **Џина Рајнхарт**, најбогатиот австралиски рударски магнат, сака нејзиниот портрет, кој го направи абориџинскиот уметник **Винсент Наматџира**, да се отстрани од изложба во *Националната галерија на Австралија*.

Нејзиниот портрет, кој е дел од изложбата *„Австралија во боја"*, од март годинава е достапен за посетителите во галеријата во *Канбера*. Освен нејзиниот, изложени се и портрети на кои се насликани британската кралица **Елизабета**, американскиот музичар **Џими Хендрикс**, како и поранешниот прајминистер на *Австралија* **Скот Морисон**.

Говорејќи за својата изложба, **Наматџира** изјави дека слика *„луѓе кои се богати, моќни или важни - луѓе кои имале влијание врз оваа земја"*. Инаку, тој е првиот уметник од абориџинско потекло што ја добил наградата *Арчибалд*, што е најпрестижна награда за портрети во *Австралија*.

*„Го сликам светот онака како што го гледам. На луѓето не мора да им се допаѓаат моите слики, но се надевам дека ќе одвојат време да погледнат и да размислат зошто овој припадник на Абориџините ги насликал овие моќни луѓе? Што се обидува да каже? На некои луѓе можеби нема да им се допадне, на други можеби би им било смешно, но се надевам луѓето ќе ја видат и другата страна, таа сериозната"* - рече уметникот.

Поради нејзиното барање, повеќе уметнички здруженија застанаа на страната на уметникот **Наматџира**. Меѓу останатите, австралиската *Национална асоцијација за визуелни уметности (НАВА)* објави дека **Рајнхарт** не е овластена да отстранува нечија слика само затоа што не и се допаѓа.

*„Иако **Рајнхарт** има право да го изрази своето мислење за делото, таа нема овластување да врши притисок врз галеријата да ја повлече сликата само затоа што не и се допаѓа"* - вели **Пенелопе Бентон** од асоцијацијата.

*НАВА* и ја понуди својата *„непоколеблива поддршка"* на Ционалната галерија на *Австралија*, изразувајќи ја својата загриженост дека нејзиното барање за отстранување на портретот *„поставува опасен преседан за цензура и задушување на креативното изразување"*.


## ПЕРФЕКТНО МЕСТО ЗА ВАШАТА ПРОСЛАВА

MYSTIQUE
Macedonian Restaurant
Tel: 0493 431 483
0401 974 092

*Отворени сме за вечера Четврток - Сабота, од 18 часот до доцна.*

*Кога сте кај нас, може да уживате во голем избор на јадења, пијалок и дезерти од традиционалната македонска кујна.*

*Без разлика дали станува збор за бизнис настан, спортска презентација, свадба, веридба или роденден, ние сме тука да се погрижиме вашата специјална пригода да е незаборавна.*



231 Broadhurst Ave, Reservoir VIC 3073


## СООПШТЕНИЕ

Пензионерската група на ветераните и пријателите од *Томастаун* ги известува сите свои членови дека организира дводневен излет на 15 и 16 јуни. Ќе се оди до *Хиткот, Ечука, Баруга, Жаравонга* и *Шепартон* со спиење во *Баруга*.

Се тргнува во сабота, на 15 јуни од 7:15 наутро од *Main St. Thomastown* (кај базените). Местата се ограничени, за повеќе информации кај: **Косте 0431 360 291**; **Ило 0409 170 812** и **Вера 9466 2094**

## НАСТАВА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ОД ДАЛЕЧИНА

Агенцијата за иселеништво неколку години по ред организира настава по македонски јазик од далечина (он лајн) за децата со потекло од *Македонија* што живеат во странство.

Ве молиме да не известите дали има заинтересирани деца за ваков вид настава, а доколку има ние повторно ќе ја организираме. Наставата би започнала на 02 септември 2024 година и форматот би бил 2 часа седмично.

Ве молиме заинтересираните што поскоро да ги пријават децата, бидејќи ќе треба да се спроведе проверка на знаењето на македонскиот јазик и да се организираат паралелки според степенот на познавање на македонскиот јазик.

Пријавите праќајте ги на мејл адресата: *agencija_za_iselenistvo@minisel.gov.mk*

**НОВА КАЛЕДОНИЈА НЕ МИРУВА:**

# Макрон испраќа уште жандарми, но најави и референдум



Ситуацијата во *Нова Каледонија* сè уште е далеку од мирна, а официјален *Париз* најави неколку нови мерки. Според француските медиуми, **Емануел Макрон** најавил дека во вторник по локално време ќе биде укината вонредната состојба, која на островот беше активирана во средината на мај.

Сепак, тоа нема да значи истовремено смирување на ситуацијата.

*„Претседателот* ***Макрон*** *најави пристигнување на 7 дополнителни мобилни единици, односно 480 припадници на жандармеријата, кои ќе ги зајакнат внатрешните безбедносни сили кои се ангажирани на лице место*", соопшти *Елисејската палата.*

Исто така, Кабинетот на претседателот на *Франција* соопшти дека насилството не може да биде дел од легитимна политичка акција.

Во интервју за *Le Parisien*, **Макрон** рече дека може да се очекува нов референдум во *Нова Каледонија* во наредните месеци.

*„Тие можат да излезат на референдум во секое време. Сепак, желбата е претставниците на Нова Каледонија да се договорат за глобален договор што ќе го збогати текстот за кој парламентот веќе гласаше*", рече тој.

# Силна тропска бура ги погоди Филипините, најмалку седум мртви



Филипинските власти соопштија дека најмалку седум лица загинале како последица на тропската бура *Евинијар*, која ја погоди земјата за време на викендот.

*Евинијар* донесе силен ветер и силен дожд затворајќи ги аеродромите и поморските пристаништа и го прекина снабдувањето со електрична енергија.

Едно 14-годишно девојче е потврдено дека починало во јужната провинција *Мисамис Ориентал* кога дрво паднало врз нејзиното паркирано возило. Уште еден ученик е повреден, соопшти националната агенција за катастрофи.

Во провинцијата *Кезон*, источно од главниот град *Манила*, пријавени се шест смртни случаи, меѓу кои двајца мажи на возраст од 56 и 22 години, кои се удавиле, и 39-годишен маж, кој бил погоден од дрво, извести локалната полиција.

Филипинскиот претседател **Фердинанд Маркос Јуниор** рече дека невремето погодило речиси 27.000 луѓе и дека напорите за пребарување и спасување ќе продолжат. *Евинијар* беше првата тропска бура што ги погоди *Филипините* оваа година. Во оваа југоисточна азиска земја се забележуваат просечно 20 бури годишно, што често резултира со обилни дождови, силни ветрови и смртоносни лизгања на земјиштето, наведува *„Ројтерс"*.


**ДИГИТАЛНО ИЗДАНИЕ НА TODAY - ДЕНЕС**

**БЕСПЛАТНО СЕКОЈ ПЕТОК**




**ВО ОВА ВРЕМЕ НА БРЗИ ПРОМЕНИ, БИДЕТЕ ИНФОРМИРАНИ СО ВЕСТИ И ИНФОРМАЦИИ ОД ЗАЕДНИЦАТА ШТО ВИ СЕ ПОТРЕБНИ.**

Пријавувањето е лесно за да добивате дигитален пристап бесплатно... Посетете ја интернет страницата **www.australianmacedonian.com.au** и пополнете ги вашите детали со име презиме и email адреса на која ќе ви стигнува дигиталното издание

Автоматски можете да го гледате на компјутер, таблет и мобилен телефон, каде било, во кое било време и на кој било уред. Австралискио Македонски Денес се објавува секој петок, одржувајќи традиција на независно новинарство, откако е основан во 1991 година. Со висок стандард на содржина и презентација привлекува широк спектар на читатели од сите возрасти.

# Путин предупреди Украина да не користи оружје од Западот за напад во Русија



Рускиот претседател **Владимир Путин**, предупреди дека употребата на западно оружје за гаѓање цели на руска територија ќе донесе ризик од „*сериозни последици*", бидејќи *Украина* веќе ги гаѓа пограничните области како одговор на руската инвазија.

„*Во Европа, особено во малите земји, мора да размислуваат со што си играат*", рече **Путин** во *Узбекистан*, каде што е во официјална посета.

Рускиот претседател додаде дека тоа е „*сериозна работа што мора да се има на ум, пред да се одлучува за напад длабоко на руска територија*".

„*Оваа трајна ескалација може да предизвика сериозни последици*", рече **Путин**.

*Украина* се обидува да користи оружје испорачано од Запад против воени цели на руска територија, но ова прашање длабоко ги подели поддржувачите на *Киев*. *Италија* и *Германија* ја спомнуваат опасноста од дополнително заострување, стравувајќи дека **Путин** би можел да употреби нуклеарно оружје, додека генералниот секретар на *НАТО*, **Јенс Столтенберг**, смета дека сегашните ограничувања „*ги врзуваат рацете на Украинците*". **Путин** смета дека тоа би било дополнително заострување, бидејќи без разлика што украинската армија би изведувала напади, тие би биле подготвени од западњаци кои ја снабдуваат *Украина* со оружје.

„*Таква задача не подготвува украинската армија, туку претставници на земјите од НАТО*", рече **Путин**, обвинувајќи го Западот дека „*сака глобален конфликт*".

### МЕДВЕДЕВ ПРЕДУПРЕДИ:

# Американски напад врз руски цели е почеток на светска војна



Полскиот министер за надворешни работи **Радек Сикорски** изјави за *Гардијан* дека *САД* наводно ѝ се заканиле на *Москва* дека ќе го уништат рускиот контингент во зоната *СВО*, доколку *Русија* таму го смени нуклеарното оружје.

Заменик-претседателот на Советот за безбедност на *Русија*, **Дмитриј Медведев**, предупреди дека тоа ќе доведе до светска војна.

„*Прво, Јенките досега не кажаа ништо слично бидејќи се повнимателни од Полјаците. Второ, американскиот напад врз нашите цели ќе го означи почетокот на светската војна и секој министер за надворешни работи, па дури и на земја како Полска, треба да го разбере тоа. Трето, имајќи предвид дека уште еден полски политичар, **Дуда**, неодамна изјави дека сака тактичко нуклеарно оружје да биде распоредено на територијата на Полска, Варшава нема да стои настрана и сигурно ќе го добие својот дел од радиоактивниот пепел*", изјави **Медведев**. Во таа прилика се огласи портпаролката на руското Министерство за надворешни работи, **Марија Захарова**, која на **Сикорски** му го привлече вниманието дека би било подобро да зборува за улогата на *Америка* во експлозиите на „Северен тек". *Подобро би било полскиот министер за надворешни работи да каже што знае за експлозиите на гасоводите „Северен тек" и за улогата на Вашингтон во тоа злосторство*", изјави таа за весникот *Известија*.

### ЗАГРИЖЕНОСТ ВО КИЕВ:

# Русија најде решение за моќното оружје на Украина

Пред руските трупи да ја окупираат северната граница на *Украина* овој месец, членовите на 92-та јуришна бригада на *Украина* загубија витален ресурс. Сателитската Интернет услуга *Старлинк*, која војската ја користи за комуникација, собирање разузнавачки информации и изведување напади со беспилотни летала, се соочува со прекини.

Управуван од *SpaceX* на **Илон Маск**, *Starlink* беше клучен за украинската војска уште од првите денови на војната со *Русија*. Украинските војници тврдат дека сега без целосна служба не можеле брзо да комуницираат и да разменуваат информации за ненадејниот напад и пребегнале кон испраќање *СМС* пораки. Украинските војници, официјални лица и експерти за електронско војување имаа слични искуства низ северната линија на фронтот. Како што руските трупи напредуваа овој месец во близина на *Харков*, вториот по големина град во *Украина*, тие распоредија моќно електронско оружје и пософистицирани алатки за да ја деградираат услугата *Старлинк*, признаа украинските власти. Ова претставува сериозна закана за *Украина*, која често успева да ја надмудри руската војска со помош на технологија. Се чини дека ова е првпат Русите да предизвикаат големо нарушување на *Starlink*. Ако продолжат да успеваат, тоа би можело да означи тактичка промена во конфликтот, истакнувајќи ја ранливоста и зависноста на *Украина* од услугите што ги обезбедува компанијата на **Маск**.

Додека *САД* и другите влади соработуваат со *SpaceX*, овие проблеми покренуваат пошироки прашања за доверливоста на *Starlink* против технички софистициран противник, пишува *New York Times*. *Starlink* работи со емитување на интернет конекција од сателити кои орбитираат околу Земјата.

Украинците тврдат дека секое нарушување на службата во критичните моменти на бојното поле ја става украинската армија во уште поголема неповолна положба.

# САД ѝ наметнаа царини на Кина



Групата седум западни индустриски најразвиени економии *G7*, која ќе се сретне во *Италија*, ќе расправа за ризикот од фрагментација на глобалната трговија по високите царини кои *Соединетите Американски Држави* ѝ ги наметнаа на Кина, најави италијанскиот министер за економија **Џанкарло Џирогети**.

Друга точка на дневниот ред на состанокот на министрите за финансии на *Г7*, кој ќе се одржи на 24 и 25 мај во италијанскиот град *Стреса*, ќе биде како да се искористи замрзнатиот имот запленет на *Русија* по почетокот на конфликтот во *Украина*, кажа **Џирогети**.

„*Американскиот предлог средствата да се користат за директно финансирање на Украина во војната би имал сериозни правни импликации кои допрва треба да се разјаснат*", кажа италијанскиот министер.

„*Во Стреса ќе ја разгледуваме фрагментацијата на глобалната трговија со најновите потези на американската влада која ги покажа своите карти со многу тешките намери кон Кина. Светот каков што го познаваме се ближи кон крајот*", кажа **Џирогети**, додавајќи дека „*во тек е трговска војна која ги одразува геополитичките тензии*" и дека *Европа* допрва треба да ја одреди својата улога во сценариото кое се развива. Американскиот претседател **Џо Бајден** претстави силно зголемување на царините на низа кинески производи, вклучувајќи ги електричните возила, батериите за електрични возила, чиповите за компјутери и медицинските производи, во изборната година со цел да ги придобие гласачите кои дадоа лоши оценки на неговите економски мерки.

# АВСТРАЛИСКИ НАУЧНИЦИ ОТКРИЈА ФОСИЛИ ОД ПРАИСТОРИСКО СУШТЕСТВО „ЕХИДНАПУС“



Научниците открија бизарно суштество наречено „ехиднапус“ за кое веруваат дека шетало во Австралија во праисторијата.

Фосилизирани парчиња од коската на вилицата на животното беа пронајдени во полињата со опал во северниот дел на Нов Јужен Велс, заедно со докази за неколку други древни и сега изумрени монотремски видови.

Официјално наречен Opalios splendens, новиот вид го доби прекарот поради сличноста со птицечовка и ехидна – кои се единствените цицачи кои носат јајца денес во светот.

Тимот кој стои зад истражувањето вели дека тоа укажува дека Австралија некогаш имала „доба на монотреми“ – во која неверојатно реткиот род на животни бил изобилен и доминантен.

„Тоа е како откривање на сосема нова цивилизација“, рече главниот автор професор Тим Фланери.

Низата фосили беа пронајдени пред околу 25 години од страна на палеонтологот Елизабет Смит и нејзината ќерка Клити додека поминуваа низ рудникот за опал.

Примероците – се проценува дека се стари околу 100 милиони години – ги донирале на Австралискиот музеј, каде што биле заборавени во фиока до пред околу две години.

Животните имаа комбинации на карактеристики што не се видени досега – во живи или фосилни монотреми, рече директорот на австралискиот музејски истражувачки институт, професор Крис Хелген, кој исто така работеше на истражувањето.

„Севкупната анатомија на [Опалиос спленденс] веројатно е сосема слична на птицечовка, но со карактеристики на вилицата и муцката малку повеќе како ехидна“, рече проф Хелген.

Вкупниот број на монотремски видови за кои се знае дека некогаш живееле во гребенот Молња – кој во античко време бил студена, влажна шума која се граничи со огромно внатрешно море – го зголемуваат на шест.

„Тие му покажуваат на светот дека долго пред Австралија да стане земја на цицачи торбари, ова беше земја на крзнени јајца – монотреми“, вели г-ѓа Смит.

„Се чини дека пред 100 милиони години имало повеќе монотреми на Lightning Ridge отколку на кое било друго место на земјата, во минатото или сегашноста.

Други експерти велат дека е премногу рано да се каже дали Австралија некогаш била домаќин на мноштво монотреми и дека е потребно дополнително истражување.

Авторите на студијата се надеваат дека нивниот труд ќе поттикне повеќе средства за насочени ископувања во регионот, за да ги поддржат нивните наоди.

## ТРПАНА НА ДОКТОР




Трпана начукала 147 кила и отишла на доктор.

- Аман докторе помагај, не можам да дишам од дебелина.
- Па добро, како за почеток да почнеш со една вежба со мрдање на главата.
- Како тоа мислите со мрдање на главата?
- Па така, прво од лево на десно, па од десно на лево, секогаш кога ќе те прашаат дали си гладна.

## СМЕТКАТА

После операцијата на градите докторот ја прашува Паца:

- Е па, дали сте задоволни со големината?
- Да, докоторе, само јас би сакала ако може да имам и малку покрупни очи.
- Нема проблем, сестро покажете и ја сметката на госпоѓа Паца.???

## ЗАПЕК

Сотир имал запек. Два саати седел на шоља и стенкал. Наеднаш снемало струја.

- Лелеее, Трпанооо, помагаааај!

Ете ја Трпана дотрчува.

- Добро бре што си се раздрал толку како мало дете си, снема струја и одма врескаш! - Снемало струја!?... Уф ... јас помислив дека ми испаднаа очите.

# ИЗЛЕЗЕ НОВОТО ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ НА АВСТРАЛИСКО МАКЕДОНСКИ НЕДЕЛНИК



www.australianmacedonian.com.au

# AUSTRALIAN MACEDONIAN WEEKLY

Австралиско Македонски Неделник

Edition No. 1816 Year 37 • Tuesday, 28 May 2024 • Price $4.00 inc GST

Патувајте во Македонија и секаде во светот

A AVIO TRAVEL

335 High St Preston

03/ 9471 4556

03/ 9471 4559

mobile 0401 686 970

## АВСТРАЛИЈА БАРА ДА ПРЕСТАНЕ КРИВИЧНОТО ГОНЕЊЕ НА АСАНЖ

ВО МЕЛБУРН ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА ПРОСВЕТИТЕЛИТЕ:

## ГЛАГОЛИЦАТА НА СВЕТИТЕ БРАЌА КИРИЛ И МЕТОДИЈ

СРДЕЧНА СРЕДБА СО ПАПАТА ФРАНЦИСК

СИЉАНОВСКА ДАВКОВА МУ ПОДАРИ ИКОНА СО ФЕНИКС – СИМБОЛ ЗА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД

ХРИСТИЈАН МИЦКОСКИ:

ПОСТОИ САМО ЕДНА НАША МАКЕДОНИЈА

НОВАТА ВЛАДА СЕ ОЧЕКУВА ДО 20 ЈУНИ – КОАЛИЦИЈА НА ВМРО-ДПМНЕ, „ВРЕДИ" И ЗНАМ


БЕЗ ПОБЕДА, НЕМА НАПЛАТА

arnold thomas & becker lawyers

НИЕ СМЕ АДВОКАТСКА ФИРМА СО ЕКСПЕРТИ ЗА:

- сообраќајни повреди / TAC
- повреди на работно место / workcover
- побарувања од медицинска небрижност
- побарувања за повреда при раѓање
- побарувања за оштета од азбестос
- повреди на јавно место
- повреди работници на државни места /Comcare Claims
- Суперануација / неспособност за работа

За проблемите што ги имате околу повреди на работно место зборувајте со ТОНИ ШИШКОВСКИ на македонски јазик на (03) 9614 1433

Tony Siskovski
Director

ЕКСПЕРТИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ПОВРЕДИ

573-577 Lonsdale Street, Melbourne, VIC 3000 www.arnoldthomasbecker.com.au


# АФИРМИРАТОР НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК, КУЛТУРА И ТРАДИЦИЈА

СЕКОЈ ВТОРНИК ВО ВАШАТА НАЈБЛИСКА ПРОДАВНИЦА ЗА ВЕСНИЦИ

# Струга ги дозна сите можни противници за квалификациите во ЛШ!

Изминатиот викенд се комплетираа првенствата во Европа, а со тоа се дознаа и сите можни противници на Струга ТЉ во првото квалификациско коло од Лигата на шампионите.

30 екипи ќе настап во првото коло од квалификациите во ЛШ, а македонскиот шампион ќе биде дел од групата на неносители. Меѓу можните ривали на Струга има неколку одлични тимови кои би било добро да се избегнат, екипи како Ференцварош, Слован Братислава, Лудогорец, ФЦСБ (Стеауа Букурешт)...



**Можни противници на Струга:**
Ференцварош (Унгарија)
Карабах (Азербејџан)
Слован Братислава (Словачка)
Лудогорец (Бугарија)
ХЈК (Финска)
Флора Талин (Естонија)
ФЦСБ (Романија)
КИ Клаксвик (Фарски Острови)
Шамрок Роверс (Ирска)
Линколн Ред Импс (Гибралтар)
ТНС (Велс)
Пјуник (Ерменија)
РФС Рига (Летонија)
Петрокуб (Молдавија)
Балкани (Косово)

### ПРОБЛЕМ ЗА СЕЛЕКТОРОТ МИЛЕВСКИ:

## Се повреди Барди



Непосредно пред собирот на македонската фудбалска репрезентација, капитенот Енис Барди се повреди во настапот за Трабзонспор.

Барди беше заменет уште во 17. минута. Засега нема информации од каков карактер е неговата повреда, но ситуацијата не изгледаше наивно.

Повеќе детали околу времето кое ќе биде потребно за рехабилитација ќе бидат познати по деталните прегледи.

Македонија во јуни ја очекуваат два пријателски натпревари, прво против Хрватска на 3 јуни, а седум дена подоцна против Чешка. Двете средби Македонија ги игра како гостин.

## Вардар останува во ПМФЛ!



Екипата на Вардар и во следната сезона ќе се натпреварува во Првата македонска фудбалска лига (ПМФЛ), откако „црвено-црните" извојуваа победа од 2:0 (2:0) во бараж-натпреварот со Детонит Плачковица и со тоа го одбранија прволигашкиот статус.

Момците на Горазд Михајлов уште од првата минута воспоставија контрола на теренот и тргнаа во офанзива по остварување на целта. Во 43. минута, по еден центаршут од далечина на Глишиќ, одбраната на Детонит реагираше несигурно, а Ѓуриќ тоа го искористи и од непосредна близина ја смести топката во посакуваната цел за 1:0 за Вардар. Но, тоа не беше сè од возбудувањата во првото полувреме, бидејќи пред самиот крај Сушњара испрати проектил кон противничкиот гол и „црвено-црните" се изборија за комотни 2:0.

Така, Вардар заслужено и во следната сезона ќе биде дел од елитата, додека Детонит Плачковица останува во второлигашкото друштво.

### Глишиќ со солзи се збогува од црвено-црниот дрес

На бараж-натпреварот во Струмица својот последен натпревар во црвено-црниот дрес го одигра Дарко Глишиќ. Искусниот фудбалер беше еден од најдобрите и најстандардните фудбалери на Вардар оваа сезона, а колку го сака Вардар докажува неговата порака на маичката која што ја носеше по крајот на натпреварот со Детонит, како и неговите солзи во соблекувалната.

По повод заминувањето на Глишиќ се огласи и Вардар.

„Поим за љубов, лојалност и посветеност кон Вардар! Ти Благодариме Дарко за секој момент поминат во светиот црвено-црн дрес. Твоето име ќе биде врежано кај секој вардарец. Засекогаш дел од црвено црното семејство", напиша Вардар на социјалните мрежи.





31-годишниот Глишиќ сезонава одигра 34 натпревари за Вардар и постигна четири гола.

## Суперкомпјутер предвиде кој ќе го освои ЕП

Од 14 јуни до 14 јули се игра 17. Европско фудбалско првенство на кое домаќин ќе биде Германија.

Ова ќе биде еден од настаните кој ќе го одбележи спортското лето на северната хемисфера, настан број еден кога е во прашање фудбалот без разлика на тоа што на другата страна на светот ќе се игра Копа Америка.

Италија ја има улогата на бранител на трофејот, но ќе биде доста тешко за „азурите" да останат на врвот затоа што има многу квалитетни селекции со позвучни, поквалитетни имиња на хартија, меѓутоа теренот е тој што ќе ги даде сите одговори.

Повеќе од јасно е дека не очекува интересен турнир, а како загревање за тоа суперкомпјутер извади прогноза за тоа која селекција е најблиску до титулата. Најголеми шанси да бидат прваци имаат Англичаните со 19 проценти, додека зад нив веднаш се Французите кои имаат 18 проценти да бидат шампиони.

Останатите селекции со +10 проценти се домаќинот Германија, Шпанија и Португалија предводена од ветеранот Кристијано Роналдо.



EURO 2024 SUPERCOMPUTER

| RANK | NATION | WIN GROUP | QUALIFY | QTR FINALS | SEMI FINALS | REACH FINAL | RUNNER UP | WIN EUROS |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ENGLAND | 65% | 97% | 72% | 48% | 31% | 12% | 19% |
| 2 | FRANCE | 58% | 93% | 71% | 41% | 30.% | 12% | 18% |
| 3 | GERMANY | 64% | 95% | 60% | 42% | 21% | 12% | 15% |
| 4 | SPAIN | 45% | 90% | 66% | 38% | 23% | 10% | 12% |
| 5 | PORTUGAL | 59% | 94% | 60% | 37% | 20% | 10% | 10% |
| 6 | ITALY | 34% | 85% | 59% | 30% | 15% | 8% | 7% |
| 7 | BELGIUM | 57% | 92% | 53% | 25% | 11% | 6% | 5% |
| 8 | NETHERLANDS | 25% | 79% | 48% | 24% | 10% | 6% | 4% |
| 9 | CROATIA | 19% | 72% | 30% | 19% | 7% | 4% | 2% |
| 10 | SWITZERLAND | 21% | 75% | 33% | 13% | 5% | 4% | 2% |
| 11 | CZECHIA | 23% | 77% | 30% | 13% | 4% | 3% | 1% |
| 12 | DENMARK | 18% | 72% | 31% | 12% | 4% | 3% | 1% |
| 13 | UKRAINE | 26% | 78% | 30% | 10% | 2% | 2% | 1% |
| 14 | AUSTRIA | 10% | 53% | 23% | 7% | 2% | 2% | 1% |
| 15 | SERBIA | 12% | 62% | 22% | 9% | 2% | 1% | 0% |
| 16 | TURKEY | 15% | 69% | 20% | 6% | 2% | 1% | 0% |
| 17 | SCOTLAND | 8% | 40% | 14% | 4% | 1% | 1% | 0% |
| 18 | POLAND | 6% | 41% | 15% | 4% | 1% | 1% | 0% |
| 19 | HUNGARY | 7% | 45% | 12% | 3% | 1% | 0% | 0% |
| 20 | SLOVENIA | 5% | 36% | 8% | 2% | 0% | 0% | 0% |
| 21 | ROMANIA | 9% | 40% | 10% | 1% | 0% | 0% | 0% |
| 22 | SLOVAKIA | 8% | 48% | 9% | 2% | 0% | 0% | 0% |
| 23 | ALBANIA | 3% | 23% | 6% | 1% | 0% | 0.% | 0% |
| 24 | GEORGIA | 4% | 28% | 4% | 1% | 0% | 0% | 0% |


MILE UNCEVSKI FUNERAL SERVICES

Прва македонска погребна канцеларија во Австралија



Зборувајте со Миле Унчевски на 02 9502 3205

Serving the Macedonian Orthodox Community 24 Hours/7 Days

Миле Унчевски ги разбира македонските православни обичаи и погреби, тој е тука да ви помогне во најтешките моменти. Повеќе од 9 години Миле со неговата погребна компанија помага во најтешките моменти. За денот на погребот можеме да ви обезбедиме крпи, литургија, пченица.

Организираме погреби од Австралија во Македонија и обратно, доколку некој покоен имал желба да биде погребан во Македонија или во Австралија.

403 Forest Road, Bexley NSW 2207
Tel: 02 9502 3205, Fax: 02 9554 9735

### ПРВА ДРЖАВНА ЛИГА НА НЈВ, 16 КОЛО

# Интер Лајонс – Сиднеј Македонија

Забележана е уште една победа на Сиднеј Македонија која полека се приближува кон врвот на табелата. Домаќинот прв дојде до водство во 12 минута преку Оливер Грин за 1:0. Сиднеј Македонија успеа да изедначи на почеток на второто полувреме во 47 минута преку Крис Пејн за 1:1. За водството се погрижи Андреј Пољчиќ во 77 минута кога ја затресе мрежата за 1:2. Конечниот резултат во 90 минута го постави Рет Десилва за 1:3.

Во сабота, на 1 јуни, Сиднеј Македонија гостува кај Нордерн Тајгерс со почеток во 18:30 часот.



**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Булс Академи | 37 |
| Маунт Друит Таун | 36 |
| Сиднеј Македонија | 32 |
| Хакоа Сиднеј | 30 |
| Кантербури Бенкстаун | 25 |
| Интер Лајонс | 24 |
| Блектаун Спартанс | 24 |
| Нордерн Тајгерс | 23 |
| НЈВ Универзитет | 21 |
| СД Раидерс | 21 |
| Бонириг Вајт Иглс | 21 |
| Ридалмер Лајонс | 17 |
| Макартур Рамс | 15 |
| Дулвич Хич | 14 |
| Данбар Роверс | 8 |
| Непеан | 6 |

### НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА НЈВ, 16 КОЛО

# Рокдаел Илинден - Сент Џорџ Сити 2:0



Уште една победа за Рокдаел Илинден и три нови бодови за задржување на првото место на табелата, со еден бод пред АПИА Леикард. На локалното дерби најдобриот стрелец во лигата, Алек Урошевски, во 13 минута од пенал го доведе тимот до водство од 1:0.

Во второто полувреме предноста беше задржана а на десет минути пред крајот Сент Џорџ Сити остана со играч помалку, кога Доминик Кокс го заработи својот втор жолт и автоматско исклучување.

Се играа последните мигови од средбата и во 90 минута Матју Кордиер одбранбениот играч на Илинден го постави конечниот резултат за 2:0.

Во сабота, на 1 јуни, Рокдаел Илинден гостува кај Маркони со почеток во 19 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Рокдаел Илинден | 38 |
| АПИА Леикард | 37 |
| В.С. Вондерерс | 34 |
| Маркони | 34 |
| Блектаун Сити | 31 |
| Сиднеј Зунајтед | 30 |
| Сент Џорџ Сити | 27 |
| Волонгонг Вулвс | 20 |
| Сент Џорџ Саинтс | 20 |
| Сиднеј Олимпик | 19 |
| Манли Зунајтед | 17 |
| НЈВ Спирит | 15 |
| Хилс Брамбис | 15 |
| Сатерланд Шаркс | 10 |
| Сиднеј | 8 |
| Централ Кост Маринерс | 7 |

### НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА ВИКТОРИЈА, 15 КОЛО

# Алтона Маџик Вардар – Данденонг Сити 0:2

Лошо започна средбата за "црвено црните" и веќе во петтата минута гостите преку Вил Боуер дојдоа до водство од 0:1. Овој резултат остана непроменет до крај на првиот дел.



Во второто полувреме Кењок Атиу во 69 минута го зголеми водството на Данденонг кога ја затресе мрежата на Кристијан Роси за конечните 0:2.

Алтона Маџик Вардар минатава среда, после високиот пораз од Хајделбег Јунајтед со 4:0, се збогува со понатамошно учество за купот на Австралија.

Во сабота, на 1 јуни, Алтона Маџик ја пречекува екипата на Окли Канонс со почеток во 18:15 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Авондаел | 35 |
| Саут Мелбурн | 35 |
| Окли Канонс | 31 |
| Хајделберг Јунајтед | 30 |
| Хјум Сити | 30 |
| Порт Мелбурн | 27 |
| Данденонг Сити | 19 |
| Алтона Маџик Вардар | 17 |
| Мелбурн Најтс | 15 |
| Грин Гали | 15 |
| Данденонг Тандерс | 15 |
| Манингам Сити | 9 |
| Сент Албанс Саинтс | 7 |
| Мореланд Сити | 6 |




# Фудбалерките на Барселона се шампионки на Европа

Барселона го освои пехарот во Лигата на шампиони (ЛШ) во женска конкуренција, откако славеше во финалето против Лион со 2:0.

Во првото полувреме немаше голови, а до водство каталонскиот тим стигна преку Бонмати во 63. минута, додека Путељас стрелаше за триумф од 2:0 во 95. минута.



**КУП НА АВСТРАЛИЈА, 6 КОЛО**

## Престон Македонија – Саут Мелбурн 2:5



Минатиов вторник сите патишта водеа кон стадионот на Престон Македонија во Резерво, на елиминациониот натпревар за купот на Австралија со стариот лут ривал Саут Мелбурн. Околу шест илјади навивачи вечерта следеа возбудлива средба во која беа постигнети седум голови. Престон Македонија дојде до водство буквално во првиот напад во 37 секунда, а стрелец беше Весли Џобело за 1:0.

Пред крај на првото полувреме Саут Мелбурн успеа да изедначи со голот на Рос Арчибалд на 1:1.

Во второто полувреме гостите направија серија и се редеа погодоците на Бранден 60` и на Маршал 74 минута за водство на Саут Мелбурн од 1:3. Надеж даде голот во 83 минута на Лук Џего кој го намали водството на 2:3.

Но за жал тоа беше само надеж бидејќи гостите постигнаа уште два гола, и тоа Микола 87` и Сојер во 90 минута за конечните 2:5.

И покрај големата желба на фудбалерите на Престон Македонија и бучната подршка на публиката на крај со овој пораз заврши годинашната надеж за понатамошно учество за купот на Австралија.

Во недела, на 2 јуни, Престон Македонија гостува кај Вестерн Јунајтед со почеток во 16 часот.

## Леброн се откажува од US$50 милиони само за да игра со својот син?!



По шест сезони минати во ЛА Лејкерс, се чини дека Леброн Џејмс има намера да си оди од овој клуб. Нему му истекува договорот и засега нема назнаки дека би можел да го продолжи.

Интересно е тоа што тој би можел да се откаже од 51 милион долари и тоа само поради фактот дека сака да игра со неговиот син Брои Џејмс, кој допрва треба да биде драфтуван. Се разбира дека Леброн и Брони во ист тим би бил фантастичен маркетиншки потег и Леброн речиси го "условува" ЛА Лејкерс по секоја цена да го трејдуваат неговиот син и само така тој би останал во овој клуб.

Ако би играл во друг тим тогаш нема шанси да ги добие тие 51 милион долари.

Во секој случај ќе биде интересно, секогаш кога Леброн менува клуб или потпишува нов има тектонски пореметувања во НБА.

**НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА СЕВЕРЕН НЈВ, 13 КОЛО**

## Бродмедоу Маџик – Лејк Маквори 3:1



Возбудлива средба што беше решена во завршницата, а гостите кои очајно се борат за опстанок беа навистина жилав противник. Лејк Маквори дојде до водство во 56 минута и тоа го одржа само пет минути, бидејќи набргу Бродмедоу Маџик изедначи. Во последните мигови од средбата во 89 минута беше постигнат гол за 2:1. Додека во судиското продолжение после досудениот пенал во 94 минута е постигнат конечниот резултат за 3:1.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Лабтон | 36 |
| Бродмедоу Маџик | 30 |
| Чарлстоун Азури | 25 |
| Еџворт | 20 |
| Валентин | 19 |
| Њукастел Олимпик | 17 |
| Вестон Воркерс | 16 |
| Маитланд | 14 |
| Кукс Хил Јунајтед | 9 |
| Њу Ламбтон | 4 |
| Лејк Маквори | 3 |
| Адамстаун Розбадс | 2 |

Во петок, на 31 мај, Бродмедоу Маџик ја пречекува екипата на Кукс Хил Јунајтед со почеток во 20 часот.

## Леклер победи во Монако и испиша историја



Шарл Леклер испиша историја и славеше на трката во Формула 1 која се возеше во Монако. Возачот на „Ферари" со овој триумф стана првиот натпреварувач од Монако кој триумфирал на оваа трка.

На претходните неколку трки не успеа, но затоа во неделата успеа да дојде до историски триумф. Трката беше обележана со инцидентот на почетокот кога настрада болидот на Серхио Перез. Поради тој инцидент имаше прекин од половина час, па се одеше и на повторен старт.

Вториот старт беше успешен, сите возачи останаа на своите позиции од кои тргнаа, а за време на прекинот ги менуваа своите гуми. Леклер поведе од стартот, Пјастри беше на второто место, додека Саинц остана трет.

Норис заврши како четврти, додека зад него следуваа Расел и Ферстапен кој го имаше најлошиот пласман сезонава. Следната трка ќе се вози на 9 јуни за Големата награда на Канада.

**НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА ЗА, 9 КОЛО**

## Перт Глори – Стирлинг Македонија 0:1



Само еден гол постигнат во 30 минута беше доволен за Стирлинг Македонија да слави победа над подмладокот на Перт Глори. Оваа сезона Стирлинг имаше послаб почеток и се наоѓа на средината од табелата со исто број на бодови како и петопласираната екипа на Бејсвотер Сити но со послаба гол разлика.

Во сабота, на 1 јуни, Стирлинг Македонија гостува кај Армадел со почеток во 17 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Олимпик Кингсвеј | 20 |
| Фриментл Сити | 19 |
| Перт Ред Стар | 17 |
| Флореат Атена | 16 |
| Бејсвотер Сити | 15 |
| Вестерн Најтс | 15 |
| Стирлинг Македонија | 15 |
| Армадел | 10 |
| Перт | 8 |
| Балката | 8 |
| Перт Глори | 8 |
| Инглвуд | 0 |




A AVIO TRAVEL Lic. No. 32481
335 High St. Preston
03/ 9471 4556
03/ 9471 4559
mobile:
0401 686 970

AVIO TRAVEL
ВИ ГО НУДИ СВЕТОТ НА ДЛАНКА
ПАТУВАЈТЕ ВО МАКЕДОНИЈА И СЕКАДЕ ВО СВЕТОТ!
ЕВТИНО ☞ УДОБНО ☞ СИГУРНО ☞ ВЕ ОЧЕКУВАМЕ ☞ НЕ ЧЕКАЈТЕ,
ЈАВЕТЕ СЕ УШТЕ ДЕНЕС ДА СИ ОБЕЗБЕДИТЕ МЕСТО ЗА УТРЕ!
За повеќе информации зборувајте на македонски со Милка Секуловска!
LIC. NO. 32481
335 HIGH STREET, PRESTON, VIC. PH.: 03/9471 4559, 03/9471 4556 MOB: 0401 686 970

Australian Macedonian TODAY
Австралиско Македонски ДЕНЕС
# Спорт
ISSN 1442-195X
9 771442 195005



# ЦЕНТРАЛ КОСТ МАРИНЕРС Е ПРВИОТ АВСТРАЛИСКИ КЛУБ СО ТРОЈНА КРУНА

Централ Коуст Маринерс во големото финале го совлада Мелбурн Виктори со 3:1 во одлучувачкиот меч за титулата на А-Лигата на Австралија и со тоа заокружи историска тројна круна.

Тоа беше вистински пресврт во завршницата откако Виктори од 50 минута водеше со голот на Џејсон Герија за 0:1. Во последните моменти од регуларниот дел Рајан Едмондсон изедначи на 1:1 и се играше продолжение.

Тинејџерот Мигел Ди Пицио во 98 минута донесе водство за Маринерс од 2:1. Додека во 121 минута Едмондсон го постигна својот втор гол за конечните 3:1

Со тоа Централ Коутс ги освои Чемпионшип, Премиершип и азискиот АФЦ Куп под водство на тренерот Марк Џексон.

Веднаш по финалниот меч, капитенот на Маринерс, Дани Вуковиќ објави дека ја завршува професионалната фудбалска кариера.

ПЕРФЕКТНО МЕСТО ЗА ВАШАТА ПРОСЛАВА

MYSTIQUE
Macedonian Restaurant
Tel: 0493 431 483
0401 974 092

Отворени сме за вечера
Четврток - Сабота,
од 18 часот до доцна.

Кога сте кај нас, може да уживате во голем избор на јадења, пијалок и дезерти од традиционалната македонска кујна.

Без разлика дали станува збор за бизнис настан, спортска презентација, свадба, веридба или роденден, ние сме тука да се погрижиме вашата специјална пригода да е незаборавна.



231 Broadhurst Ave, Reservoir VIC 3073

БЕЗ ПОБЕДА, НЕМА НАПЛАТА




ЕКСПЕРТИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ПОВРЕДИ

НИЕ СМЕ АДВОКАТСКА ФИРМА СО ЕКСПЕРТИ ЗА:
- сообраќајни повреди / TAC
- повреди на работно место / workcover
- побарувања од медицинска небрижност
- побарувања за повреда при раѓање
- побарувања за отштета од азбестос
- повреди на јавно место
- повреди работници на државни места /Comcare Claims
- Суперанурација / неспособност за работа



arnold thomas & becker lawyers

За проблемите што ги имате околу повреди на работно место зборувајте со ТОНИ ШИШКОВСКИ на македонски јазик на (03) 9614 1433

573-577 Lonsdale Street, Melbourne VIC www.arnoldthomasbecker.com.au